Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 04-107/1
18.02.2026 год.
Велес

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 , 05/16 , 142/16 ,11/18 и Службен весник на РСМ" бр. бр.275/19, 14/20 ........208/24), вд директорот на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка ,,Димче Мирчев"- Велес, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување**
**на административен службеник**
**во ОЈУДГ „Димче Мирчев"-Велес**

1. За извршител на работно место **Советник - секретар**, Административен оддел, Административно помошно-техничка служба, со шифра на работно место **ДЕЗ0102 В01001,** се избира кандидатот:

- **Румена Јовановски**, со идентификациски код **B15FD52**

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место на неопределено време по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.

3. Одлуката се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев"-Велес, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 991/2025 на својата интернет страна, како и во дневните весници „Нова Македонија" „Вечер" и „Коха" на ден 07.08.2025 година, за вработување на административен службеник - 1 извршител во Општинска јавна установа за деца-Детска градинка ,,Димче Мирчев"- Велес на работно место Советник - секретар, Административен оддел, Административно помошно-техничка служба, со шифра на работно место ДЕЗ0102 В01001.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас на Агенцијата за администрација бр.10-2040/9 од 01.12.2025 година, Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со бр. 10-355/1 од 15.01.2026 година формирана е Комисија која ги спроведе сите фази од постапката за вработување на административен службеник.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција со Записник бр.10-355/3 од 16.01.2026 година, Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, бр. 10-355/4 од 28.01.2026 година, спроведе испит за административен службеник со Записник бр.10-355/6 од 02.02.2026 година и и спроведе проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник со Записник бр.10-355/7 од 12.02.2026 година и прием на Достава на документи по Јавен оглас 991/2025 заверени со наш арх.бр. 04-105/2 од 17.02.2026 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, ......11/18 и Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20 ........208/24) и врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати за ова работно место со бр.10-355/8 од 12.02.2026 година и наш арх.бр.04-105/1 од 17.02.2026 година, се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**<u>Правна поука</u>:** Против Одлуката за избор, може да се поднесе жалба, до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ВД Директор

Наташа Јанушева

Доставено до:
*-Агенција за администрација*
*-Архива*
*-Кандидатот*